# ЗА ЈЕГУНОВЦЕ
# ГАРАНТИРАМЕ

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани граѓани на Општина Јегуновце,

Заедно живееме во општина која ги има сите предуслови да биде успешна и развиена со сите атрибути на модерна општина. За да стигнеме до таа цел потребно е заедно, со визија, со конкретни проекти и со конкретни решенија, во рамките на нашите ингеренции, да ги решаваме проблемите чекор по чекор.

Како кандидат за градоначалник од ВМРО ДПМНЕ на овие локални избори ги нудам моето долгогодишно искуство и знаење стекнати во работењето во општинската администрација, моето познавање на проблемите кои ги имаат населените места, но исто така нудам и начини и решенија како тие да се надминат. Се обврзувам пред вас дека Општина Јегуновце со сите свои институции ќе претставува сервис на своите граѓани во вистинска смисла на зборот. Се обврзувам на чесна, транспарентна и отчетна работа. Се обврзувам на реализација на приоритетни проекти кои се од капитално значење за граѓаните од сите населени места: чиста и здрава вода за пиење во доволни количини за секој дом, фекални канализации и чиста животна средина, услови за добра бизнис-клима во нашата Општина, поддршка на земјоделците и на развојот на земјоделието, подобрување на условите за живот на младите, отчетност за сработеното преку годишен информатор достапен за секој граѓанин, редовни средби со граѓаните и редовни прес-конференции, безрезервна поддршка на локалните

фирми, бесплатни приклучоци на канализациона мрежа за секое домаќинство, бесплатни канти за комунален отпад за секое домаќинство, континуирано вложување во модерно образование, развој на селско-планински туризам итн.

Стагнацијата и уназадувањето на Општина Јегуновце во овие претходни 4 години мора да престане. Граѓаните на Општина Јегуновце, без разлика на верска, партиска или етничка припадност, заслужуваат многу повеќе и многу подобро. Оваа моја програма е договор со вас, граѓаните на Општина Јегуновце, за подобра иднина за сите!

Со почит,

Димитар Костадиноски

кандидат за градоначалник на Општина Јегуновце

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## 1.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЧИСТА И ЗДРАВА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ВО СЕКОЕ НАСЕЛЕНО МЕСТО И ВО СЕКОЈ ДОМ

Со овој проект се предвидува ископување на бунари во повеќе населени места и приклучување на водоводната мрежа, при што ќе ги зголемиме капацитетите за вода за пиење, а со тоа секое домаќинство ќе има доволни количини здрава и чиста вода за пиење.

## 2.ФЕКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИИ

Изградба на фекални канализации, пуштање во употреба на постоечките фекални канализации, а приклучокот ќе изнесува 0 денари, односно ќе биде бесплатен.

Со овој проект се предвидува изградба на нова фекална канализација во повеќе населени места. Ќе ги пуштиме во употреба сите постоечки фекални канализации со приклучување на сите домаќинства, бидејќи приклучокот ќе изнесува 0 денари односно ќе биде бесплатен.

## ОТВАРЕЊЕ НА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ПОДБРЕЃЕ

Со овој проект се предвидува продажба на градежни парцели на компании со лесна и незагадувачка индустрија, при што ќе се потикне локалниот економски развој на Општината со нови вработувања.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КАНТИ ЗА СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО

Со реализација на овој проект ќе се обезбедат бесплатни канти од 120 л за секое домаќинство, каде што граѓаните ќе можат да го фрлаат комуналниот отпад.

## ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПАТИШТА И УЛИЦИ

Со изградба, реконструкција и рехабилитација на локалните патишта и улици во Општина Јегуновце, ќе се подобри локалната патна мрежа, што ќе придонесе за подобрување на социо-економскиот живот на населението, за побезбедно одвивање на сообраќајот, за скратување на времето на патување и за поврзување на населените места во рамките на Општината и во поширокиот регион.

## ОДРЖУВАЊЕ НА СИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО ПАРКОВИТЕ И ПОКРАЈ ПАТИШТАТА

Со овој проект се предвидува да се одржуваат сите зелени паркови и сите зелени површини покрај патиштата со навремено чистење од ѓубре и отпадоци, со косење на тревата и нејзино полевање со техничка вода.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКО ПЛАЌАЊЕ НА СИТЕ ОПШТИНСКИ УСЛУГИ

Со овој проект ќе им овозможиме на граѓаните плаќањето на обврските да го вршат со помош на платежна картица, а не во пошта или банки.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Локалниот економски развој е еден од најважните сегменти за брз развој на Општината преку намалување на невработеноста и подобрување на животниот стандард на граѓаните. Ќе се вложат напори во насока на промоција на ресурсите на територијата на Општината, а со цел создавање конкурентни предности, а ќе се поттикнува и развојот на малите и на средните претпријатија, кои се основна движечка сила на локалната економија и се главен генератор на нови работни места. Со проектите во оваа програма сакам да овозможиме поттикнување на економскиот и на општествениот развој во руралните средини, спречување на миграцијата, креирање на нови работни места и зголемување на економската активност во руралните подрачја.

Секако, од големо значење е и партнерството и соработката со приватниот сектор, со цел подобрување на услугите од страна на институциите, како и подобрување на локалните услови за работа на фирмите.

Нашите најважни проекти во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

### ➤ ПРОДАЖБА НА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ КОИ СЕ НАОЃААТ ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ПОДБРЕЃЕ

Со продавање на градежните парцели кои се наоѓаат во индустриската зона во населено место Подбреѓе, ќе се поттикне локалниот економски развој на Општината и ќе се отворат нови работни места.

## ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ДОМАШНИ И НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

Општинската власт предводена од ВМРО – ДПМНЕ ќе работи на директна промоција на Општина Јегуновце, при што градоначалникот и општинската администрација директно ќе контактираат со потенцијални домашни и странски инвеститори и ќе им ги презентираат предностите што ги нуди нашата Општина.

## ДЕНОВИ НА ДИЈАСПОРА

Ќе оствариме средба со македонските иселеници во странство, при што ќе им се претстават потенцијалите и насоките на развој на локалниот бизнис-сектор, како и сите услови кои ги обезбедува локалната администрација при потенцијални инвестиции, а со цел да се мотивираат за инвестиции во родниот крај. „Денови на дијаспората“ е и настан на кој македонските иселеници ќе имаат можност за целодневно дружење, проследено со богата културна програма.



# 4. ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

Во мојот четиригодишен мандат ќе обезбедам:

- **ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКО ПЛАЌАЊЕ НА СИТЕ ОПШТИНСКИ УСЛУГИ СО ПОМОШ НА ПЛАТЕЖНИ КАРТИЦИ**
- **БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ ВО СИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ВИФИ УРЕДИ НА ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА И НА ПЛОШТАДИТЕ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ**
- **ИНТЕГРИРАЊЕ НА МОДУЛОТ Е-ДАНОК НА НАШАТА ВЕБ-СТРАНИЦА**

  Преку овој модул, сите даночни обврзници на Општина Јегуновце ќе можат да имаат увид во финансиска картица, пријавени имоти, изготвени решенија и слично.



# 5. ПАТНА ИНФРАСТУКТУРА

Важен предуслов за економски развој на една општина е патната инфраструктура, која влијае врз деловните можности, но и врз вкупната привлечност на општината за работа и инвестирање. Ефикасната и сигурна патна инфраструктура ја олеснува и ја поттикнува мобилноста на луѓето и на стоката, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава претпоставки за рамномерен регионален развој. Проекти во насока на остварување на споменатите цели во следниот период ќе бидат:

- **ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ЈЕГУНОВЦЕ – ПОДБРЕЃЕ**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТОТ КОПАНЦЕ – ТУДЕНЦЕ**
- **ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТОТ ТУДЕНЦЕ – СИРИЧИНО**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТОТ КОН УЧИЛИШТЕТО ВО С. ЖИЛЧЕ**
- **ИЗГРАДБА НА ШЕТАЛИШТЕ ЖИЛЧЕ – ШЕМШОВО**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА ОД СРЕД СЕЛО СПРЕМА КАНАЛОТ ВО С. РАТАЕ**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА ОД СРЕД СЕЛО СПРЕМА ПАТОТ ЗА С. ЖИЛЧЕ ВО С. РАТАЕ**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТОТ ОД РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ ДО МАНАСТИРОТ СВ. КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА ВО С. ВРАТНИЦА**
- **ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦАТА ОД М.В. КАМИН КАРАЃИН ДО М.В. ДУБЈЕ СО БЕКАТОН ПЛОЧКИ ВО С. СТАРО СЕЛО**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТОТ ОД СРЕД СЕЛО ДО ВИКЕНД-НАСЕЛБАТА ВО С. СИРИЧИНО**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА БЕКАТОН ПЛОЧКИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА**

# 6. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ВО ДОВОЛНИ КОЛИЧИНИ

Снабдувањето со чиста и здрава вода за пиење е основен предуслов за здраво население. Во секое домаќинство ќе обезбедиме доволни количини на здрава и чиста вода за пиење преку ископи на нови бунари во повеќе населени места. Водата пронајдена од новите бунари ќе ја припоиме кон постоечката водоводната мрежа, со што граѓаните постојано ќе имаат вода за пиење без разлика за кој годишен период станува збор.

- **НОВИ БУНАРИ ЗА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ**
- **ИЗГРАДБА НА КРАК ОД РЕГИОНАЛНИОТ ВОДОВОД ДО НОВАТА НАСЕЛБА ВО С. СИРИЧИНО**

# 7. КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Од особена важност за зачувување и одржување на здравата животна средина е изградбата и одржувањето на канализациските системи на територијата на Општината. Во наредниот период ќе ги реализираме следниве активности:

- **ДОИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНАТА УЛИЧНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ЈАНЧИШТЕ И ВО ПОДБРЕЃЕ**
- **ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РАТАЕ**
- **ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ФЕКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИИ**
- **БЕСПЛАТЕН ПРИКЛУЧОК ЗА СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО**



# 8. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Една од основните задачи на локалната самоуправа е грижата за правилен урбан развој, одржување на ред и воспоставување на соодветна структура на населените места. Урбанистичкото планирање е континуиран процес на изработување, донесување и спроведување на просторен план и на урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и да се заштити и унапреди животната средина и природата.

Наши проекти од областа на Урбанизмот се следниве:

- **ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛАТА КОПАНЦЕ И БЕЛОВИШТЕ**
- **УРБАНИЗИРАЊЕ НА ИЗЛЕТНИЧКОТО МЕСТО ПЕТАЧКО ВОДИЧЕ – БЕЛОВИШТЕ**
- **ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНА ПЛАНСКА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МИНИ ИНДУСТРИСКА ЗОНА НА МЕСТО ВИКАНО БРЦЕ ВО С. СИРИЧИНО**

Здравата животна средина е нужен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија. Токму затоа во новиот мандат општинската администрација ќе биде насочена кон: превенција на непрописното постапување со отпадот и шутот, едукација на граѓаните за придобивките од здравата животна средина, мерки против загадувачите на средината во која живееме.

Нашите најважни проекти, во функција на заштита на животната средина во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНИ КАНТИ ОД 120 ЛИТРИ ЗА СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО**
- **ЧИСТЕЊЕ НА ДЕПОНИИТЕ И ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ ЛОКАЦИИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНИОТ ШУТ ВО СОРАБОТКА СО МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ**
- **ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КАНАЛИ НА ПАТОТ ЖИЛЧЕ – ПРЕЉУБИШТЕ**

- **ПОКИРАЊЕ НА КАНАЛОТ РАДИОВЦЕ – БИСТРИЦА ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО РАТАЕ**
- **ЕДУКАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА МЛАДИТЕ.**
- **ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ АКЦИИ ЗА СОБИРАЊЕ ОТПАД И ШУТ ОД ПОЗНАЧАЈНИТЕ ЛОКАЦИИ (РЕЧНИ КОРИТА, ПАРКОВИ И СЛИЧНО)**

## УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

За реализација на овој проект ќе ги спроведам следниве активности

- **НАБАВКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ МАШИНИ И ПРИКЛУЧНИ ДЕЛОВИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**
- **СЕЧЕЊЕ НА ГРАНКИ**
- **КОСЕЊЕ И ПОЛЕВАЊЕ НА ТРЕВА**
- **АНГАЖИРАЊЕ НА СЕЗОНСКИ РАБОТНИЦИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ ОД ГРАНКИ, ТРЕВИ И ЖБУНОВИ.**





## ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Во областа на образованието и понатаму ќе се вложуваат дополнителни напори за подобрување на образовните стандарди во училиштата, со цел за поквалитетно одвивање на образовниот процес.

Во следниот четиригодишен период ќе бидат спроведени следниве проекти:

- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ТЕРМОФАСАДА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА САНИТАРНИ ЈАЗЛИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**
- **ЗАМЕНА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ПОДОВИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**
- **ОГРАДУВАЊЕ И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР ВО С.ЈАЖИНЦЕ**
- **ОГРАДУВАЊЕ И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР ВО С.ТУДЕНЦЕ**
- **ЗАМЕНА НА ПЕЧКИТЕ НА ДРВА СО ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ**
- **КУПУВАЊЕ НА НОВИ НАСТАВНИ ПОМАГАЛА**

# 9. ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Проекти кои ќе се реализираат во мојот мандат се:

## ПОСТАВУВАЊЕ НА СОНЧЕВИ КОЛЕКТОРИ ВО:

- Општинската зграда во с.Јегуновце
- ООУ „Симче Настовски“ П.У. с. Јажинце
- ООУ „Шемшово“ П.У. с. Жилче
- ЈОУД Градинка „Јаболчиња“ во с. Јегуновце
- ЈОУД Градинка „Јаболчиња“ – подрачна во с.Прељубиште
- Спортска сала с. Јегуновце

## ЗАМЕНА НА ПОСТОЈНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ СО ШТЕДЛИВИ ЛЕД СИЈАЛИЦИ ПО ГЛАВНИТЕ УЛИЦИ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ТЕРМО ФАСАДИ НА ОСНОВНИТЕ И ПОДРАЧНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

## ЗАМЕНА НА ПЕЧКИТЕ ЗА ГРЕЕЊЕ НА ДРВА СО ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ



# 10. ТУРИЗАМ

Општина Јегуновце располага со богат фонд на природни, традиционални и културни ресурси кои се значаен предуслов за развојот на туризмот во Општината. Имајќи ја предвид големата улога што ја игра туризмот за локалниот економски развој, Општината сè повеќе ја препознава својата економска предност во збогатувањето на туристичката понуда.

Нашата општина има голем потенцијал за развивање на туризмот, затоа преку вакви проекти ќе направиме да се зголеми нејзината туристичка атрактивност и посетеност:

- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА ВО ИЗЛЕТНИЧКОТО МЕСТО „ПЕТАЧКО ВОДИЧЕ“ КАЈ С.БЕЛОВИШТЕ И ВО ИЗЛЕТНИЧКОТО МЕСТО „ПЕШТЕР“ КАЈ С. ЈЕГУНОВЦЕ**
- **ЕЛЕКТРИФИКАЦИЈА НА ИЗЛЕТНИЧКОТО МЕСТО „КАЛУЃЕР“ – РОГАЧЕВО И НА СПОРТСКОТО ИГРАЛИШТЕ**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ЛЕТНИКОВЦИ ВО ИЗЛЕТНИЧКОТО МЕСТО „ПЕШТЕР“ КАЈ С. ЈЕГУНОВЦЕ И ВО МАНАСТИРСКИОТ КОМПЛЕКС „СВ. ЃОРЃИ ПОБЕДОНОСЕЦ“ – ТУДЕНЦЕ**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ЛЕТНИКОВЦИ ПО ПАТОТ ЗА ЉУБОТЕН НА МЕСТОТО ВИКАНО КРСТ**
- **МАПИРАЊЕ НА СИТЕ ИЗЛЕТНИЧКИ МЕСТА И ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ И СТАВАЊЕ НА КАРТА**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ТАБЛИ, ПАТОКАЗИ, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПАТЕКИ**



# 11. СПОРТ И КУЛТУРА

Општина Јегуновце ќе го помага развојот на спортот во сите негови сегменти, со поттикнување да се вклучат голем број деца, млади и граѓани. На тој начин спортот ќе биде место за собирање и дружење на младите генерации, тој ќе биде основа за создавање на здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење преку поддржување на турнири, спортски манифестации, учество во отворените забавни фудбалски школи, изградба на повеќенаменски игралишта во населените места.

Развојот на културата, зачувувањето и негувањето на културните вредности, како едни од поважните сегменти во работењето на ВМРО ДПМНЕ, претставуваат голем предизвик и поттик за наше што поголемо ангажирање на локално ниво. Традицијата, фолклорот и обичаите треба да се одржуваат и негуваат.

Проектите кои ќе ги реализираме се следниве:

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СОБЛЕКУВАЛНАТА ВО СКЛОПОТ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО С. ЈЕГУНОВЦЕ И НЕГОВО ПОСТОЈАНО ОДРЖУВАЊЕ;**
- **ПОДДРШКА ЗА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ;**
- **ОТВОРАЊЕ НА ФУДБАЛСКА ШКОЛА ЗА ПИОНЕРИ, КАДЕТИ И МЛАДИНЦИ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЧЛЕНАРИНА;**
- **ЌЕ ПОДДРЖИМЕ ОДБОЈКАРСКИ КЛУБ ЗА УЧЕНИЦИТЕ, ПРИ ШТО ВЕЖБАЊЕТО ЌЕ БИДЕ БЕСПЛАТНО, А ТРЕНЕРОТ ЌЕ БИДЕ ПЛАТЕН ОД СТРАНА НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ;**
- **ИЗГРАДБА НА СОБЛЕКУВАЛНА И ТОАЛЕТ ВО СКЛОП НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ЗА МАЛ ФУДБАЛ ВО С. СИРИЧИНО;**
- **ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА ВО Н.М. ТУДЕНЦЕ И СТАРО СЕЛО;**
- **ЌЕ НАПРАВИМЕ МИНИ ТРИБИНА ВО С. ПРЕЉУБИШТЕ;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО С. ЈАНЧИШТЕ;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СПОРТСКИ РЕКВИЗИТИ – СПРАВИ ЗА ВЕЖБАЊЕ;**

- **УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ ВО СЕЛО ЈАНЧИШТЕ И ЈЕГУНОВЦЕ**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ ВО ПАРКОВИТЕ ПО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ;**
- **ИЗГРАДБА НА ИГРАЛИШТЕ ВО СКЛОП НА УЧИЛИШТЕТО ВО ТУДЕНЦЕ**
- **ЌЕ ГИ ПОДДРЖИМЕ СИТЕ СПОРТСКИ ТУРНИРИ КОИ СЕ ОДРЖУВААТ ТРАДИЦИОНАЛНО ВО НАШАТА ОПШТИНА;**
- **ЌЕ ГИ ПОДДРЖИМЕ СИТЕ ПОСТОЕЧКИ, НО ЌЕ ПОМОГНЕМЕ И ВО ФОРМИРАЊЕ НА НОВИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА И**
- **ЌЕ ОРГАНИЗИРАМЕ МЕЃУНАРОДЕН КУЛТУРЕН ФЕСТИВАЛ „МОСТОВИ“, НА КОЈ ЌЕ СЕ ПРЕЗЕНТИРААТ ТРАДИЦИЈАТА, ФОЛКОРОТ И ОБИЧАИТЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ НА ФЕСТИВАЛОТ.**





# 12. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Социјалната заштита и социјалната превенција се основен императив на политиката на ВМРО-ДПМНЕ, а со цел создавање услови за инклузивно и кохезивно општество преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекст на заедницата. Во текот на мојот четиригодишен мандат ќе ги реализирам следниве проекти:

- **ПРЕАДАПТИРАЊЕ НА ИНТЕРНАТОТ ВО ВРАТНИЦА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА;**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИ РАМПИ ДО СИТЕ ОБЈЕКТИ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ;**
- **БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНА ВОСПИТНА ОБРАЗОВНА ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ;**
- **ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ЛИЦАТА ПОГОДЕНИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ – ПОЖАР;**
- **БЕСПЛАТНА ДОСТАВА НА ЛЕКОВИ НА СИТЕ СТАРИ И БОЛНИ ЛИЦА.**



# 13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Еден од приоритетите на ВМРО-ДПМНЕ за локалната власт ќе биде унапредување, интензивирање и продлабочување на веќе воспоставената соработка со општините од други држави и воспоставување на меѓународна соработка со нови општини и градови. Активностите и проектите во областа на меѓународната соработка кои ќе ги реализираме во наредниот четиригодишен мандат ќе овозможат политичка, економска и културна меѓународна афирмација на Општината.

Нашите најважни проекти во развивањето на меѓународната соработка во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- **АКТИВНО УЧЕСТВО СО АПЛИКАЦИИ ВО ПРОЕКТИ ВО ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА МАКЕДОНИЈА – КОСОВО И МАКЕДОНИЈА – АЛБАНИЈА**
- **ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ КОНТАКТИ СО ЦЕЛ ЗБРАТИМУВАЊЕ СО НОВИ ОПШТИНИ**
- **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ СО ДИЈАСПОРАТА.**



# 14. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Како најразвиена стопанска гранка во Општина Јегуновце, земјоделството заслужува огромно внимание, но и поддршка, како и ангажирање на сите човечки и материјални ресурси со кои располага Општината. Општина Јегуновце располага со квалитетно обработливо земјоделско земјиште (од 1. класа до 4. класа), но и покрај компаративните предности (чиста и незагадена еколошка средина), сè уште не е доволно искористено. Од овие причини, со соодветни проекти и промоција на предностите кои ги нуди земјоделството, ќе се обидеме да направиме препознатлив бренд. Паралелно со ова, како општина ќе обезбедиме целосна техничка и стручна помош за олеснување на пристапот до субвенциите и до европските претпристапни фондови. Нашите најважни проекти во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- **СПРОВЕДУВАЊЕ НА КАМПАЊА СО ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО**

  со помош на релевантни институции и организации од областа на земјоделството, преку одржување на низа работилници и едукативни сесии за најразлични области, поттикнување на окрупнување на површините, здружување на производителите, логистичка помош при пополнување на документацијата за субвенции и сл.

- **БЕТОНИРАЊЕ НА КАНАЛИ (БРАЗДИ) ЗА НАВОДНУВАЊЕ ВО НАСЕЛЕНОТО ЈАНЧИШТЕ;**
- **ПОДДРШКА ЗА СЕРТИФИЦИРАЊЕ И БРЕНДИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ.**

# 15. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

Ќе им се овозможи на граѓаните преку проектот „Денови на предлози, идеи и проекти од страна на граѓаните“ да предложат идеи и проекти кои ќе бидат во функција на Општина Јегуновце, а со тоа граѓаните ќе почувствуваат дека активно учествуваат во креирањето и спроведувањето на политиката на Општина Јегуновце.

Општина Јегуновце ќе биде општина за сите луѓе.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*